OKTA
MEMO

Се покануваат сите Акционери на ОКТА АД – Скопје на
**29-та СЕДНИЦА НА ГОДИШНОТО ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

На ОКТА Рафинерија на нафта Акционерско друштво – Скопје, што ќе се одржи во седиштето на Друштвото на ул. 1 бр. 25 во н.м. Миладиновци, 1001 Скопје,

Во Среда, 15.05.2019 год., со почеток во 12.00 часот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Процедурален дел (Избор на претседавач и бројачи на гласови);
2. Претставување на годишната сметка, финансиските резултати за 2018 година и на ревизорскиот извештај за фискалната 2018 година и годишниот извештај за работењето во 2018 година;

2/1 Одобрување на усвоената годишна сметка, ревидираните финансиски извештаи и годишниот извештај за 2018 година;

2/2 Донесување Одлука за покривање на загубата утврдена во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи за 2018 година;

2/3 Одобрување на работата на Одборот на директори во 2018 година;

3. Донесување Одлука за одобрување на исплата на дивиденда и Одлука за утврдување на дивиденден календар
4. Донесување одлука за назначување на овластен ревизор на годишната сметка и финансиските извештаи на ОКТА за 2019 година;

**УПАТСТВО ЗА ГЛАСАЊЕ**

Собранието одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред.
Вклучувањето на нови точки во дневниот ред може да се врши само по писмен пат, на начин утврден со член 390 од Законот за трговските друштва.
Секој акционер кој има намера да учествува на Генералното Собрание е должен да го пријави своето учество на Собранието најдоцна пред почетокот на закажаното Собрание, заради евидентирање во списокот на присутни и бројот на гласовите кои по основа на акциите му припаѓаат на секој акционер.
Право на учество во работата и право на глас во Собранието има секој акционер лично, или од него овластено лице кое ќе го застапува на Собранието, со писмено полномошно за што акционерот мора да го извести Друштвото по писмен пат.
Акционерот кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.
Образецот на полномошното е достапен за преземање од интернет страницата на Друштвото.
Материјалите по точките од дневниот ред може да се разгледаат во Кабинетот на Главниот извршен директор секој работен ден од 12,00 до 13,00 часот од денот на објавувањето на јавниот повик и истите се објавени на официјалната интернет страница на Друштвото.

Официјалната интернет страница на Друштвото е:
www.okta-elpe.com

ПО ПРЕДЛОГ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ
Претседател,
г. Ефстатхиос Гривас